Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ПРИЛЕП
Бр. 04-167/6
13.07.2022 год.
ПРИЛЕП

Архивски знак 0402
Рок на чување 45 г.
Потпис.
год.

Врз основа на член 12 од Статутот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп и член 77-ж од Законот за култура („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, а согласно со Годишниот план за вработување на Установата бр. 03-288/1 од 16.08.2021 год. и Согласноста на планот издадена од Министерство за култура, в.д.директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, на ден 13.07.2022 година донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по распишаниот јавен оглас бр. 04-167/2 од 14.06.2022 година

За работно место - **КУЛ 03 04 Д03 003 Конзерватор** во објавениот оглас, за кој е предвидено 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен-Архитектура, урбанизам и планирање, се избира кандидатот Бисера Макриевска.
Именуваниот кандидат ќе биде вработен по конечноста на оваа Одлука, а за што ќе се донесе посебно Решение.
Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла во НУ Завод и Музеј-Прилеп.
Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавен Јавен оглас 04-167/2 на ден 15.06.2022 година во дневните весници: „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на НУ Завод и Музеј-Прилеп, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе постапка за вработување на работно место КУЛ 03 04 Д03 003 Конзерватор.

Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција, спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до в.д.директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп беше доставен Предлог за вработување на кандидат по јавниот оглас.
Врз основа на горенаведеното директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:

Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп.

Доставено до:

- Бисера Макриевска
- архива

в.д.директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Горанчо Цветкоски

ул."Александар Македонски"бр.400 Прилеп
тел.048 40 10 90
e-mail:muzejprilep@yahoo.com